Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 122/4
Датум:
13 -02- 2024

По претставката бр. 08 - 122/1 од 25.01.2024 година, поднесена од [redacted] од Гостивар, со живеалиште на [redacted] за заштита од дискриминација - виктимизација врз основа на политичко уверување, во областа на работата и работните односи, против Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### за неповедување на постапка

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08 - 122/1 од 25.01.2024 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација - виктимизација врз основа на политичко уверување, во областа на работата и работните односи од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

На 25.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted] за заштита од дискриминација - виктимизација врз основа на политичко уверување, во областа на работата и работните односи против неговиот работодавач – Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Од причина што првично поднесената претставка со бр. 08 – 122/1 не содржеше опис на настанот, односно беше неуредна, на 30.01.2024 година, Комисијата до подносителот испрати Барање за доуредување на претставката со бр. 08 – 122/2. Со истото го задолжи подносителот да ја доуреди претставката, во насока што ќе го конкретизира поводот за поднесување на претставката (фактичката состојба), односно ќе наведе со кои конкретни дејствија на посочениот дискриминатор била извршена дискриминација кон него.

На 06.02.2024 година во Комисијата беше процесиран поднесок со бр. 08 – 122/3 за доуредување на претставката, доставен од [redacted] Со поднесокот, подносителот информираше дека веќе има побарано заштита од дискриминација пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Имено, првичната постапка се однесувала на заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи и била поведена против

работодавачот – Министерството за внатрешни работи. По конкретната постапка за заштита од дискриминација, Комисијата има донесено Мислење со бр. 08 – 74/2 од 03.02.2023 година, со кое била утврдена директна дискриминација кон [redacted] сторена од страна на неговиот работадавач. Подносителот известува дека врз основа на Мислењето на Комисијата, а со цел отстранување на нееднаквиот третман кон него, работодавачот му издал Решение со бр. 22.6 – 16476/1 од 15.02.2023 година, со кое му биле признати патните трошоци. Решението му било доставено од страна на [redacted] правни работи во ОВР Гостивар – [redacted], по што му било укажано дека ќе биде информиран и неговиот непосреден старешина [redacted] на ПО Ростуше – [redacted], со цел реализација на решението и исплаќање на реалните патни трошоци. Подносителот на претставката информира дека и тој самиот го известил непосредниот старешина. Меѓутоа, и по минување на една година од донесувањето на Решението, до денеска, подносителот тврди дека не му биле исплатени патните трошоци за ниту еден работен месец. Поради тоа, подносителот повторно се обратил до советничката за правни работи и до командирот, односно непосредниот старешина, но безуспешно, бидејќи и понатаму не му биле исплатени патните трошоци. По тоа, подносителот се обратил до началникот на СВР Тетово, со барање да му бидат исплатени патните трошоци, односно да се испочитува Решението и Мислењето на Комисијата. Од него добил одговор да ги следи интерните огласи, кое нешто го направил подносителот и за истото доставил докази во прилог на поднесокот. Подносителот информира дека од страна на Основниот суд Гостивар со одлука РО. бр. 85/23 донесено е решение за поништување на решението со кое подносителот бил прераспореден во ПО Ростуше и негово враќање на работно место во местото на живеење во ПС ОН Гостивар. Согласно сето наведено, подносителот смета дека работодавачот кон него извршил виктимизација или продолжена дискриминација.

По разгледување на претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека претходно постапувала по претставка поднесена од од [redacted], по која донела Мислење со бр. 08 – 74/2 од 03.02.2023 година, со кое била утврдена директна дискриминација врз основа на политчко уверување кон [redacted] сторена од страна на неговиот работодавач. Со конкретното Мислење на работодавачот на подносителот му било препорачано да ја отстрани дискриминацијата, со тоа што ќе му го признае правото на патните трошоци, на еднаква основа со останатите вработени, кои се наоѓаат во споредлива положба. На 22.02.2023 година до Комисијата пристигна Известување со бр. 08 – 74/3 од страна на МВР – Биро за јавна безбедност. Со Известувањето ја информираа Комисијата дека во предвидениот рок е исполнета препораката, на начин што било донесено решение за патни трошоци, со кое на [redacted] му се признало правото на надомест на трошоци за превоз на релација од Гостивар до Ростуше и обратно, во висина на стварните трошоци во јавниот сообраќај. Во прилог на Известувањето, до Комисијата беше доставено и Решението на МВР со бр. 226 – 16476/1 од 15.02.2023 година.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата констатира дека по однос на конкретната правна работа, од аспект на дискриминација, препораката е исполнета со донесување на споменатато Решение, со кое на подносителот му се признава правото на патни трошоци на еднаква основа со останатите колеги. Оттука произлегува дека нееднаквиот третман заснован на дискриминаторска основа кон подносителот е отстранет. Од неостварувањето на донесеното Решение на работодавачот на подносителот произлегува дека **подносителот има парични побарувања поради неисплаќање на патните трошоци на кои има право, а за остварување на истите подносителот има можност да поведе судска постапка.** Овие дејствија на работодавачот не можат да се сметаат за виктимизација во смисла на чл. 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи за конкретната форма на дискриминација потребно е да се докаже постоењето на причинско – последична врска помеѓу преземените дејствија за заштита од дискриминација и штетните последици кои ги трпи подносителот од страна на работодавачот. Во таа смисла, од Известувањето на работодавачот на подносителот и преземените активности се докажува волја на страна на работодавачот да ја елиминира и спречи дискриминацијата во работниот однос, а не активности за одмазда кон работникот поради тоа што побарал заштита од дискриминација.

Врз основа на тоа, а имајќи предвид дека по конкретната правна работа Комисијата веќе постапувала, а во поднесената претставка не се наведени нови факти и околности кои укажуваат на дејствија на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација заклучи дека се исполнети законските услови од **член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.**

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок и не поведе постапка по претставката 08 - 122/1 од 25.01.2024 година.

Скопје
13.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk